Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# ИНФОРМАЦИЈА

## ЗА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ПАНДЕМИЈАТА COVID-19 И БАРАЊЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ВО СООДВЕТНИТЕ „АНТИКРИЗНИ ТЕЛА“

Скопје, април 2020 година

Целта на постоењето на здруженијата и фондациите е да придонесат кон одржување на мирот, хармонијата и просперитетот на општеството преку партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социо-економски развој, ненасилство и почит. Тргнувајќи од оваа примарна цел, а соочени со предизвикот COVID-19 и опасноста која оваа пандемија ја носи со себе, здруженијата и фондациите се меѓу првите кои ја препознаваат итноста и преземаат солидарни чекори во своите заедници.

Оттука, целосно почитувајќи ги мерките и препораките од надлежните институции, здруженијата и фондациите успеваат да ги приспособат своите услуги и да ја адаптираат поддршката која ја даваат на загрозените заедници, но покажуваат спремност да му помогнат на општеството преку низа на активности кои ги преземаат. Здруженијата и фондациите реализираат активности кои се во насока на хуманитарна помош за најзагорозените во вид на средства за хигиена и пакети со храна; обезбедуваат правна помош за заштита на работничките права на погодените од кризата; активно работат на линиите за поддршка на жртвите од семејно насилство; даваат правна помош на жртвите од говорот на омраза; даваат поддршка преку отворените образовни платформи за да се задржи минимум нивото на еднаков пристап во образованието; обезбедуваат директна парична помош за граѓаните во социјален ризик; анализираат и подготвуваат документи за справување со порастот на лажните вести, за економските мерки што треба да се преземат, за порационално трошење на јавните пари во текот на кризата, итн.

Тоа што е значајно во овие моменти, а е една од основните заложби на граѓанскиот сектор, е да се одржи владеењето на правото и да се обезбеди транспарентност и отчетност на сите постапки кои се преземаат, односно ќе бидат преземени од страна на институциите. Одржувањето на демократските принципи преку партиципативност на сите чинители треба да продолжи да биде една од основните цели и во овој процес. Затоа, здруженијата и фондациите ќе продолжат да го набљудуваат процесот на владеење на правото, транспаретноста и очетноста на институциите во процесот на справување со кризата предизвикана од COVID-19.

Со цел ова да се обезбеди, потребно е граѓанските организации преку своите претставници во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (Советот) или преку претставници избрани од Советот, да бидат вклучени во Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (Главен координативен кризен штаб) и во други соодветните тела/работни групи формирани со цел поефикасна координација и справување со проблемите предизвикани од вирусот COVID-19 како на централно

така и на локално ниво. На овој начин ќе им се овозможи на здруженијата и фондациите на системски начин да ги стават своите ресурси и експертиза во функција на намалување на негативните импликации од тековната криза.

Во исто време, здруженијата и фондациите можат да бидат партнер на властите во справувањето со кризата и преку нив може да се споделуваат информации, да се прават едукации, но и да се опремуваат со заштитна опрема населението и бизнисите, а истите може да бидат доставувачи на услуги кои се особено значајни за ранливите категории лица, на пример жртви на насилство, бездомните, самохраните родители и сл. кои во време на ограничено движење се соочуваат со бројни предизвици кои се различни од останатата популација

Несомнено е дека оваа вонредна ситуација ќе се одрази и на функционирањето и одржливоста на здруженијата и фондациите во насока на реорганизирање на нивните услуги за да одговорат на потребите на корисниците, флексибилност на програмите прилагодени на ситуацијата, како и на задржување на вработените и волонтерите. Во оваа насока, се апелира до донаторите и поддржувачите на граѓанскиот сектор (државни и приватни) и во оваа ситуација да ја покажат својата посветеност кон поддршката на граѓанскиот сектор и да го помогнат неговото работење за да може да ги остварува неговите примарни мисии за јавно добро. Тоа можат да го сторат преку флексибилност во приодот: а) да овозможат без финансиски последици организациите да ги репрограмираат активностите и буџетите, б) колку што е можно да ја запазат динамиката на доделување средства од тековните повици за грантови и в) доколку е потребно да предвидат дополнителни средства за поддршка на одржливоста на секторот.

На овој начин, сакаме уште еднаш да ја покажеме подготвеноста на здруженијата и фондациите целосно да се вклучат во справувањето со кризата и преку позитивните примери кои ги преземаат во нашето општество да овозможиме заеднички да се избориме со пандемијата со која се соочуваме.

Во прилог на оваа информација е список на активностите што ги преземаат здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19.

**Прилог: Активности кои ги преземаат здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19**

| Име на организација | Активности што ги спроведува | Линк до повеќе информации |
|---|---|---|
| **Фондација Отворено општество - Македонија** | Хуманитарна помош во износ од 100.000$ за 2.000 семејства кои живеат во Шуто Оризари, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Куманово, Делчево, Виница Пехчево и село Црник; | https://fosm.mk/vazni-informacii/fondaczijata-otvoreno-opshtestvo-makedonija-donira-100-000-dolari-za-najzagrozenite-romski-semejstva/ |
| **Фондација Отворено општество - Македонија** | Подготвени информаци за превенција и заштита од COVID-19 и достапни информации и правни совети, едукативни материјали со правно зајакнување; | https://www.pravnozajakni.mk/ |
| **Фондација Отворено општество - Македонија преку Дневниот центар за поддршка на децата на улица во Шуто Оризари** | Се обезбедуваат ужинки за децата на улица во Шуто Оризари кои се корисници на Дневниот центар; | https://fosm.mk/ |
| **Фондација Отворено општество – Македонија со група уметници активисти** | Поставена акцијата „Држете растојание" на плоштадот во Скопје за да ги информира граѓаните за мерките за самозаштита од COVID – 19; | https://fosm.mk/current-project/drzhete-rastojanie-za-dobroto-na-site/ |
| **Фондација за образовани и културни инцијативи „Чекор по чекор"** | Дигитална библиотека со онлајн образовни ресурси со 30 наслови на сликовници во аудио и ПДФ формат на македонски, албански, турски и босански јазик, 5 сликовници на ромски јазик и 20 сликовници на знаковен јазик. | http://www.mon.gov.mk/index.php/2014-07-23-14-03-24/vesti-i-nastani/3119-besplatni-digitalni-platformi-aplikacii-i-sodrzhini-za-uchenje-doma |
| **Фондација Метаморфозис** | Платформа Отворени образовни ресури (ООР) - централен регистар за отворени и бесплатни дигитални ресурси за настава и учење - онлајн образование, како и за соработка помеѓу наставниците; | www.oer.mk |
| **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ** | Ресурси за жени, родители и граѓански организации во ранливи средини; Водич за граѓански организации кои работат со ранливи групи во заедницата; | https://fosm.mk/vazni-informacii/covid-19-resursi-za-zheni-roditeli-i-graganski-organizaczii-vo-ranlivi-sredini/<br><br>https://www.copasah.net/ |
| **Младински образовен форум** | 9 едукативни видеа во областа за Студентски и младински права и ангажираност; | https://www.facebook.com/pg/MOFedu/videos/ |

| | | |
|---|---|---|
| **Младински образовен форум** | (Из)вонредни предавања-отворени предавања за млади, подржани од Фондација Отворено општество Македонија. | https://mof.mk/iz-vonredni-predavana-na-mof/ |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | **Услуги за сексуално и репродуктивно здравје во Младински центар „Сакам да знам општина Шуто Оризари":**<br>**1. Гинеколошки услуги:**<br>– гинеколошки советувања и прегледи, дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции<br>– орална и итна контрацепција, тестови за бременост, кондоми и лубриканти<br>**2. Превенција на ХИВ**<br>– дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни материјали<br>– советување и тестирање за ХИВ<br>**3. Дерматовенеролошки услуги**<br>– дерматовенеролошки советувања и прегледи, дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции<br>**4. Психолошко советување** со психологот Јасмина Јонуз (075 597 958)<br>**5. Советувалиште за дроги**<br>– телефонски советувања за родители и деца за превенција на употреба на дрога и психоактивни супстанци<br>**6. Социјални услуги**<br>**7. Правна помош и поддршка**<br>Услугите се нудат со претходно телефонско закажување според интерен протокол за закажување, прием и нудење на услуги, секој работен ден од 11 до 18 часот и тоа, телефонски на (02) 2 651 955 и електронски на hera@hera.org.mk или на Фејсбук | https://hera.org.mk/izvestuvanje-za-rabotata-na-servisite-na-hera-kovid-19/<br><br>Контакт адреса https://hera.org.mk/servisi/mladinski-czentri-za-seksualno-i-reproduktivno-zdravje-sakam-da-znam/ |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | **Услуги за сексуално и репродуктивно здравје во Младински центар „Сакам да знам општина Центар:**<br>**1. Гинеколошки услуги:**<br>– гинеколошки советувања и прегледи, дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции | https://hera.org.mk/izvestuvanje-za-rabotata-na-servisite-na-hera-kovid-19/<br><br>Контакт адреса https://hera.org.mk/servisi/mladinski-czentri-za-seksualno-i-reproduktivno-zdravje-sakam- |

| | | |
|---|---|---|
| | – орална и итна контрацепција, тестови за бременост, кондоми и лубриканти<br>**2. Превенција на ХИВ**<br>- дистрибуција на кондоми, лубрикати и едукативни материјаи<br>- советување и тестирање за ХИВ<br>**3.Дерматовенеролошки услуги**<br>- дерматовенеролошки советувања и прегледи, дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции<br>**4.Психолошко советување** со психологот Јасмина Јонуз (075 597 958)<br>**5.Советувалиште за дроги**<br>- телефонски советувања за родители и деца за превенција на употреба на дрога и психоактивни супстанци.<br>На сите клиенти, им се нудат информации и за заштита од КОВИД 19 и надлежни здравствени институции.<br>Услугите се нудат со претходно телефонско закажување според интерен протокол за закажување, прием и нудење на услуги, секој работен ден од 11 до 18 часот и тоа, телефонски на (02) 2 651 955 и електронски на hera@hera.org.mk или на Фејсбук | da-znam/ |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | **Услуги за родово засновано насилство и семејно насилство за време на КОВИД-19**<br>Преку Првиот семеен центар на Град Скопје, ХЕРА обезбедува онлајн, телефонски советувања за **девојки и жени жртви/засегнати од родово засновано насилство** и за други лица кои се засегнати од родово засновано и семејно насилство, и работи на третман на **сторители на насилство.**<br>Преку него им обезбедуваме психо-социјална поддршка, советување и правна поддршка на семејствата во кои постојат конфликтни односи или родово зановано насилство и семејно насилство. Сите услуги во | https://hera.org.mk/izvestuvanje-za-rabotata-na-servisite-na-hera-kovid-19/<br><br>Контакт адреса<br>https://hera.org.mk/izvestuvanje-za-rabotata-na-servisite-na-hera-kovid-19/<br><br>Фејсбук страна на сервисот<br>https://www.facebook.com/infopsc/ |

| | | |
|---|---|---|
| | центарот се **бесплатни и доверливи. Покрај индивидуално, групно и семејно советување со психотерапевти,** Центарот нуди и советување за социјални права, упатување, пријавување, придружба до соодветни институции и организации.<br>Телефонско закажување секој работен ден од 11 до 18 часот на (02) 3 200 007 или, пак, да ни се обратите електронски на infopsc@hera.org.mk и на Фејсбук | |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | **Социјално претпријатие Нега Плус** на ХЕРА на територијата на град Скопје нуди грижа и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови.<br>Поддршка на грантисти – граѓански организации за основање на социјални претпријатија во рамки на проектот „Отвараме можности“. И во време на КОВИД 19 грантистите имаат активности за маргинализирани заедници.<br>**Црвен крст на Град Скопје** и социјалното претпријатие „Нега Центар“<br>**„Хуманост“** и социјалното претпријатие „ХуманаС“<br>**ЦСИ „Надеж“** и социјалното претпријатие Салон за едукација „Ромни“<br>**Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми „Прогрес“** и социјалното претпријатие „РомАрт“<br>**Здружение на Ромите „Черења“** – Штип и социјалното претпријатие Сервис за перење и пеглање на алшта<br>**Ромски младински центар „Метаморфоза“** и социјалното претпријатие за козметички и естетски услуги | https://hera.org.mk/soczijalnite-biznisi-vo-vreme-na-kovid-19/<br><br>Повеќе информации за нега плус https://hera.org.mk/shto-rabotime/nega-plus/<br><br>Фејсбук страна на сервисот https://www.facebook.com/negaplus/<br><br>Информации за активностите на социјалните претпријатија на нашите грантисти https://www.facebook.com/otvoramemoznosti/ |
| ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување | Дистрибуција на **“dignity kits” за време на кризна и вонредна состојба помеѓу ранливи и маргинализирани групи** (бремени | https://www.facebook.com/hera.macedonia/photos/a.149901396175/10156899237456176/?type=3&theater |

| | | |
|---|---|---|
| | жени и жени во репродуктивен период, Ромки, лица со попреченост, клучни популации засегнати со ХИВ:<br>-Дистрибуирани 50 хигиенски пакети наменети за кризното подрачје **Дебар и Центар Жупа, на бремени жени и лицата со попреченост** (во соработка со ЦУП и поддршка на УНФПА)<br>-Направена проценка на потреби за хигиенски пакети за **бремени Ромки и Ромки во репродуктивен период во општина Шуто Оризари.** Во тек набавка на хигиенски пакети за Ромки и жени од клучни популации засегнати од ХИВ (со поддршка на ФООМ) кои ќе се дистрибуираат во периодот што следува.<br>-Направена проценка на потреби за хигиенски и прехранбени пакети на **лицата со попреченост кои се деинституцонализирани од Заводот Бања Банско** и хигиенски пакети за персоналните асистенти и негувателки на овие лица. Во тек е набавка на пакетите и нивна дистрибуција во периодот што следува (со поддршка UNWOMEN) | |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | **Информативни и едукативни материјали:** Со цел навремено информирање за областите за ХИВ и сексуално и репродуктивно здравја ХЕРА за време на КОВИД-19 ги изработи следните материјали:<br>-***Брошура Што треба да знаеме за сексот за време на КОВИД 19?***, којашто вклучува и информации за ХИВ превенција и СПИ за време на КОВИД-19 и контакт информации до сервиси<br>-**Есенцијални услуги за сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ за време на КОВИД-19** – документот содржи кои се основите услуги за превенција на ХИВ и СПИ, | https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Publikacija_Shto-treba-da-znaeme-za-seksot-vo-vreme-na-KOVID-19.pdf<br><br>https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Esencijalen-paket-na-uslugi-za-SRZ-vo-vreme-na-KOVID-19.pdf<br><br>https://hera.org.mk/poroduvanje-vo-vreme-na-kovid-19/<br><br>https://hera.org.mk/abortusnata-grizha-za-vreme-na-kovid-19/ |

| | | |
|---|---|---|
| | превенција на сексуално и родово засновано насилство, превенција на непланирана бременост и намалување на матернална и смртност на новороденчиња<br>-Информации за **породување за време на КОВИД-19**, во Скопје и контакт телефони за поддршка<br>-Информации за **абортусна грижа при КОВИД-19** во Скопје | |
| **ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување** | Изработка на времени препораки на национално ниво за грижа за бременост за време на КОВИД-19 за специјалисти гинеколози акушери, во соработка со Министерство за здравство, Комитет за безбедно мајчинство и УНФПА. | |
| **ЕХО-Едукативно-хуманитарна организација- Штип** | Обезбедува бесплатна правна помош и поддршка на жртвите на семејно насилство преку телефон и по потреба во канцеларија; | https://www.facebook.com/echostip/ |
| **Македонско здружение на млади правници** | Развиена E-learning платформа за правно зајакнување на во областа на човековите права; | https://e-learning.myla.org.mk/?fbclid=IwAR21UegNh0gd_bEMVi4g7WV-54TE_eR1GotyG5GtEWQm2bON8mwV_godIdg |
| **ХОПС - Опции за здрав живот Скопје** | Обезбедува психолошка помош на сексуални работници;<br>Дроп ин центрите за намалување на штети на ХОПС се затворени, меѓутоа секој сервис има посебен број и контакт лице кое одговара на потребите на клиентите за време на кризава; | https://hops.org.mk/psiholoshka-poddrshka-na-seksualni-rabotnici/?fbclid=IwAR0BEqnxDfNCL3BNB4bZx3T-EklLIfbZth_Zg_dRSCXH5e9FeC4mncoe95s<br>https://hops.org.mk/hops-optsii-za-zdrav-zhivot-skopje-i-kovid19/ |
| **Правна клиника на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје** | Обезбедуваат правни информации за граѓаните на прашања поставени преку нивната Facebook страница | https://www.facebook.com/pravnaklinikazaranlivigrupi/ |
| **ИРИЗ** | Превод и синхронизација на ромски јазик на материјали и препораки од Светската здравствена организација и Министерството за здравство; делат пакети во соработка со општина Шуто Оризари за загрозените; членови на Кризниот Штаб на општина Шуто Оризари; | https://www.facebook.com/irizidic/ |

| | | |
|---|---|---|
| **Станица П.Е.Т.** | Акции за информирање и едуцирање на заедницата во врска со КОВИД-19; поделени 150 пакети наменети за најранливите семејства; обезбедува правна помош преку онлајн платформата „Повикај итна параправна помош“; | https://stanicapet.org.mk/mk/ |
| **Сонце - Тетово** | Брошура со информации за заштита од КОВИД-19 која се дистрибуира во Тетово и Гостивар; членови се на 12 кризни штабови на локално ниво; набавка на прехрамбени производи и хигиенски средства за најзагрозените; параправна помош да се препознаат симптомите на вирусот; | https://sonce.org.mk/ |
| **КХАМ - Делчево** | Во соработка со општините Делчево, Виница и Берово спроведуваат заедничка акција и поделиле 30 пакети помош за загрозени семејства; | https://khamdelcevo.org.mk/ |
| **Национален Ромски Центар - Куманово** | Поделени 1.500 маски и ракавици за потребите на заедницата, како и подготвен прирачник на ромски и македонски јазик; | http://www.nationalromacentrum.org/mk/ |
| **Иницијатива на жени од Шуто Оризари** | Се очекува отворање на телефонска линија за сите оние кои имаат потреба од правна и параправна помош. | / |
| **Хелсиншки комитет за човекови права** | Следење на говорот на омраза во Штип, Битола и Тетово поврзан со COVID-19 | www.govornaomraza.mk |
| **Хелсиншки комитет за човекови права** | Активности поврзани со заштита на човекови права како на пример на жртвите на семејно и родово базирано насилство кои се наоѓаат во самоизолација, работнички права и сл. | https://kutt.it/i1fsKU |
| **Хелсиншки комитет за човекови права** | Мониторинг и препораки за справување со пандемијата COVID-19 во затворените институции (затвори, полициски станици, психијатриски установи, социјални заводи, како и различните ново-воспоставени установи/зони каде што лица се сместени во карантин) | 1. https://mhc.org.mk/news/izvestuvanje-do-javnosta-za-podneseni-preporaki-do-nadlezhnite-institucii-za-zashtita-na-licata-lisheni-od-sloboda-vo-uslovi-na-pandemija-na-virusot-kovid-19/ <br>2. https://mhc.org.mk/news/sovid-19-komitetot-za-prevencija-od-tortura-na-sovetot-na-evropa-objavi- |

| | | |
|---|---|---|
| | | mislenje-za-tretmanot-na-licata-lisheni-od-sloboda/<br>3. https://mhc.org.mk/news/apel-od-evropskite-nevladini-organizacii-vklucheni-vo-oblasta-na-zdravjeto-vo-zatvorite-i-vo-odbrana-na-pravoto-na-zdravstvena-zashtita-na-zatvorenicite/<br>4. https://mhc.org.mk/news/da-se-imaat-predvid-chovekovite-prava-i-dostoinstvo-koga-se-primenuvaat-merki-za-grupna-izolacija/ |
| **Хелсиншки Комитет за човекови права** | Мониторинг и регистрирање на дела од омраза | https://www.facebook.com/zlostorstvaodomraza/posts/ |
| **Хелсиншки Комитет за човекови права** | Обезбедување на психолошка поддршка и советување преку неформална Фејсбук група креирана за ЛГБТИ заедницата преку која на луѓето од заедницата им се достапни меѓу другото и психолози за онлајн советување по потреба<br>Обезбедување на сместување во шелтер центар „Сигурна куќа" на ЛГБТИ лица кои претрпеле насилство или се под ризик од бездомништво. На располагање на жртвите им се правна помош и психо-социјална поддршка и советување. | 1. Не можеме да споделиме линк за повеќе информации затоа што се работи за затворена група, се работи за платформа на која во однапред одредени термини се најавуваат и прават заеднички (по потреба и поединечни) разговори и дружби преку компјутер или телефон.<br>2. http://lgbti.mk/sigurna-kuka/ |
| **Хелсиншки Комитет за човекови права** | Директна правна помош и поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства; Сензибилизација на институциите за потребите на лицата со попреченост и лицата кои се грижат за нив. | https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/mkd_helsinshki_vkluchenost_bez_prechki_trifold_297x210m.pdf?fbclid=IwAR0c0FSOC4BOgMSftC6F0pXpg6k7jGnloTk59qT345aN6eDhkWe-7zD2E4c |
| **Рурална Коалиција** | Остварување на директна соработка со националниот координатор и канцеларијата на EU TACSO 3, а се со цел споделување на информации и алатки кои што им помагаат на граѓанските организации во работењето на дистанца и работењето од дома. Споделени преку мрежата на Коалицијата и | https://rural.mk/digitalni-alatki-covid19/<br>https://www.facebook.com/RuralCoaliton/ |

| | | |
|---|---|---|
| | веб страната и социјалните медиуми | |
| **Рурална Коалиција** | Изработена е првична анализа/документ за јавна политика/policy paper доставен до институциите за предизвиците со кои се соочува секторот земјоделство и рурален развој опфаќајќи ја тука и родовата еднаквост во руралните средини со коментар на дел од досега превземените мерки од страна на институциите, но и со креирани предлог мерки за брзо делување во секторот и справување што е можно побезболно со последиците од кризата во секторот | https://rural.mk/wp-content/uploads/2020/04/Rurallna-Koalicija-%D0%B8-%D0%9A%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-19.pdf https://www.facebook.com/notes/rural-coalition-% |
| **Рурална Коалиција** | Во моментов на социјлалните медиуми активна е и on-line кампања во која што секојдневно се објавува по еден проблем или последица предизвикани од кризата и по едно решение/мерка како да се ублажи или надмине истиот. Дополнително во рамките на кампањата се објавуваат и сите информации поврзани со кризата, препораките на институциите, а поврзани со секторот | https://www.facebook.com/RuralCoaliton/ |
| **Рурална Коалиција** | Коалицијата е дел од меѓународната мрежа Gender Budget Watchdog која што пак е дел од UN Women ECA Regional Office. Оваа сабота се одрѓаа првите on-line консултации за земјите од Западен Балкан + Турција, а се со цел да се креира план на активности кој што ќе се спроведува во сите земји, а ќе придонесе кон ублажување на влијанието кое што го има кризата предизвикана од Covid 19 врз родот | https://www.facebook.com/Gender-Budget-Watchdog-Network-101453634611814/?eid=ARCrUrw7XzXNpBN8cj7cP_LkFOaVBUpSMoYYAxPcCS0GQOcYvJuylT3WJMahtyxouQXw4UgRy_Eb1Yiz https://www.facebook.com/RuralCoaliton/ |
| **Рурална Коалиција** | Креиран е прашалник за чинителите во секторот земјоделство и рурален развој, а кој што треба да ги даде одговорите со какви предизвици се соочуваат земјоделците, земјоделските здруженија, сопствениците на капацитети во | https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScqTygh27yKGUaCvkmwUJcvQMNNqvt7oDFFXSd9vyjQBKnAHQ/viewform?fbclid=IwAR3rYZqgUP-in044nfKf3T4t0Aw-sloojNHgAEeclGYWfGE7o4RCK-dfEIU |

| | | |
|---|---|---|
| | рурални средини, жените и младите итн., а се со цел да може да се превземат и конкретни специфични активности за секоја целна група, а за полесно делување во време на кризата, но и одговор на првите последици предизвикани од истата | |
| **ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена** | ЈАДРО подготви анкетата „Ефектот на COVID-19 на животот и работата на уметниците и културните работници“ со цел да собере податоци и овозможи увид во штетата која ја трпат уметниците и културните рабоници на територијата на Република Северна Македонија од периодот на воведување на мерките за спречување на ширење на вирусот COVID-19. Анкетата беше прилагодена од истражувањето кое го спроведе Независната културна сцена на Србија (НКСС) на територијата на Република Србија, а превземена од Culture Venture и Toni Attarda (www.cultureventure.org) и адаптирана во согласност со Creative Commons лиценцата. Анкетата беше испратена на 30 март 2020 г. до членовите на Јадро, на широката емаил листа на културни работници, институции и организации, а истовремено беше споделена и преку социјалните мрежи до сите останатите независни уметници и културни работници кои живеат и работат во Македонија. Преку онлајн формулар, до 8 април беа собрани 130 одговори од поединци од областа на културата. | https://docs.google.com/forms/d/1HIjrG6ItmATB1i6MfmLqcDvuojskvOSfQ5juUzvDm18/edit |
| **ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена** | ЈАДРО направи анализа за вонредната ситуација која се однесува на ефектот на COVID-19 врз животот и работата на уметниците и културните работници од независната културна сцена во Република Северна Македонија на основ на | https://jadroasocijacija.org.mk/analiza |

| | | |
|---|---|---|
| | спроведената анкетата „Ефектот на COVID-19 на животот и работата на уметниците и културните работници“. Анализата, достапна на  македонски и англиски јазик, е испратена до Министерството за култура на Република Северна Македонија, Град Скопје, општините на ниво на град Скопје, сите општини во државата, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓанските организации при Владата на Република Северна Македонија, сите домашни и странски донатори во земјава, сите амбасади и други релевантни организации и институции во земјава и странство. Анализаа ќе биде споделена и со партнери и соработници од регионот и пошироко, меѓу кои и Кооператива - Регионалната платформа за култура. Истата ќе биде достапна на интеренет страницата на Јадро и ќе биде споделена на социјалните мрежи | |
| **ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена** | ЈАДРО во соработка со ОКНО ќе отпочне со онлајн претставување на своите членки преку кратки интервјуа со прашања кои се однесуваат на нивното поле на делување, но и за ефектите на COVID-19 вирусот врз нивните ангажмани, секојденвна работа и живот и како тие се справуваат со истите. Оваа активност е дел од годишниот проект „УЧЕСТВУВАМЕ, ЗАСТАПУВАМЕ, МЕНУВАМЕ“ подржан преку Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година на Министерството за култура на РСМ. | https://okno.mk/ |
| **Иницијативата „Културата е насловна страна на секое општество“ преку Младискиот Културен Центар и со** | Град Скопје ги претстави мерките со кои што излегува во пресрет на барањата на независната културна сцена да им се овозможи социјална сигурност и можност за културно творештво на | https://skopje.gov.mk/mk/vesti/2019/12-04-2020-krizni-merki-kultura/?fbclid=IwAR17hU-1oNLIeCCSewEQym7_gbPuvF4-_CY9uWf04TJ-DL8j1TWjNuy3apY |

| | | |
|---|---|---|
| **поддршка од Синдикатот на Културата (СКРМ) и ЈАДРО-асоцијација на независната културна сцена** | уметниците без постојана егзистенција, а кои со вонредната состојба ги изгубија сите свои ангажмани. Со „Култура во време на Корона“ се предвидува пренамена на буџетските средства, одложување на неприоритетните капитални инвестиции во културата, загарантиран минимален хонорар за сите ангажирани уметници за време на кризата, како и адаптирање на културните програми на сите градски институции на новите услови на работа. Овие мерки доаѓаат како резултат на барањата на иницијативата „Културата е насловна страна на секое општество“ кои беа подржани од ЈАДРО-асоцијацијата на независната културна сцена и Синдикатот на Културата (СКРМ) до Градот, за заштита на социјалната состојба на уметниците од независната културана сцена, а се изработени од Младинскиот Културен Центар како институција со најголема поврзаност со независната култура | |
| **Фондација Метаморфозис** | Прашалник за онлајн платформа за Отворено Владино Партнерство (ОВП). Во рамки на Програмата за социјална одговорност, преку Проектот за граѓанско учество на УСАИД, Фондацијата Метаморфозис во наредниот период ќе развие онлајн платформа (веб сајт) за Отворено Владино Партнерство (ОВП). Онлајн платформата за ОВП е предвидена како централна точка за (1) консултација, (2) мониторинг, (3) вклучување, (4) вмрежување и (5) известување на сите засегнати и заинтересирани страни во процесот. Веб сајтот за ОВП има за цел да послужи како платформа за интеракција и размена на информации во четири сегменти: | https://forms.gle/VT8mL9Ga6FLAUk9fA |

| | | |
|---|---|---|
| | консултации за подготовка на акцискиот план (АП), следење на спроведувањето на АП, како и за следење на работата на Советот за ОВП и на Мрежа на граѓански организации за ОВП. ЈАДРО - асоцијација на независната културна сцена го пополни истиот кој беше достапен до 10. Април на следниот линк: | |
| **ЗАЕДНО ПОСИЛНИ - Скопје**[1] | Советување и тестирање за ХИВ;<br>Врсничко советување;<br>Помош во пристапот до терапија;<br>Психосоцијална поддршка. | (02) 3129 - 200<br>078 - 235 – 632<br>https://www.facebook.com/ZaednoPosilni/<br>https://zp.mk/?fbclid=IwAR1A0OgxEfuxCHLnQzRAljQCfaUV-nbbO8Vr4kJYTCC9QDTHBdhWO4ObuY0 |
| **Стар – Стар Скопје** | Обезбедуваат дистрибуција на основен пакет за превенција помеѓу сексуални работници – кондоми, лубриканти и едукативни материјали;<br>Врсничка едукација.<br>Дерматовенеролошки услуги;<br>Гинеколошки прегледи.<br>Хив тестирање. | 070 324 – 902<br>https://starsexwork.org/ |
| **ЕГАЛ - Скопје** | Советување и тестирање за ХИВ;<br>Советување за ризик од ХИВ, време и начин на тестирање, он-лајн врсничка едукација.<br>Дистрибуција на основен пакет за превенција од ХИВ/СПИ помеѓу МСМ кондоми, лубриканти, едукативни материјали.<br>Поддршка од психолог/психотерапевт. | (02) 3220-851<br>075 256 – 868<br>078 335 – 920<br>075 354 – 794<br>https://egal.org.mk/<br>https://www.facebook.com/egal.skopje.7?fref=search&__tn__=%2Cd%2CP-R&eid=ARBIica1FO2PeiHfgKmEyAosbdwNW04aLp_X8QrJ3I9XCseaw_cWzU1QenvVFRmRP5TlTETCqze1SLDa |
| **Црвен Крст Велес** | Обезбедуваат размена на опрема за ЛИД, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и хигиенски материјали за КД и советување за превенција и заштита од КОВИД-19.<br>Теренски активности - Размена на опрема за инектирање, | 070 216 – 229<br>078 466 – 698<br>http://www.crvenkrst-veles.org.mk/<br>https://www.facebook.com/OOCKVeles/ |

[1] Здруженијата Заедно Посилни, Стар-Стар, ХОПС, ХЕРА, Црвен крст Велес, Црвен крст Прилеп, Црвен крст Кичево, Избор, Опција, ХЕЛП, Пулс, Младински клуб Штип, Зона, Виа Вита, Доверба, ЕГАЛ се вклучени во спроведување на Националната програма за заштита од ХИВ-инфекција, на Министерството за здравство наменети за ранливите и клучните популации засефнати од ХИВ

| | | |
|---|---|---|
| | дистрибуција на прибор на терен. | |
| **Црвен крст Прилеп** | Стационарно тестирање и советување за ХИВ И ХЕПАТИТ;<br>Размена на опрема за инјектирање, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали, медицински материјали за здравствена превентива и медицинска самогрижа, советување за ХИВ и основни советување за превенција и заштита од КОВИД-19.<br>Теренски активности - Размена на опрема за инјектирање, кондоми, лубриканти ИЕК и основно советување за превенција и заштита од КОВИД-19 и ХИВ (Сите услуги се нудат на претходно закажани термини). | 048 424 710<br>075 202 364<br>076 428 447<br>http://crvenkrst-prilep.org.mk/<br>https://www.facebook.com/% |
| **Црвен крст - Кичево** | Размена на опрема за ЛИД, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и советување за превенција и заштита од КОВИД-19.<br>Советување од социјален работник и советување од медицинско лице -услуги кои се нудат телефонски.<br>Теренски активности -Размена на опрема за ЛИД и СР, кондоми, лубриканти ИЕК и советување за превенција и заштита од КОВИД-19. | 045 - 225 - 324<br>077 565 - 567<br>070 734 – 310<br>071 302 - 249<br>077 565 – 567<br>http://www.crvenkrst-kicevo.org.mk/<br>https://www.facebook.com/pages/category/Non-Governmental-Organization--NGO-/%D0%A6%D1%80%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BA%D1%80%D1%81%D1%82-%D0%9A%D0%B8%D1%87%D0%B5%D0%B2%D0%BE-Kryqi-i-kuq-K%C3%ABr%C3%A7ov%C3%AB-252297455443365/ |
| **Доверба Скопје** | Советувалиште, информативна линија, психосоцијален клуб, креативна работилница (Советувањето и информирањето на клиентите се одвива по телефон и преку пораки на Facebook профилот на организацијата или на личните профили на советувачите и операторите на инфо линијата. Операторите на инфо линијата своите активности ги префрлаат на терен, теренско советување и покривање на клиентите со | (02)3067 – 713<br>076 350-814<br>078 312-376<br>(02)3067-713<br>https://doverba.org.mk/<br>https://www.facebook.com/nvo.doverba/ |

| | | |
|---|---|---|
| | кондоми и материјали.)<br>Теренска работа во собиралишта – (Теренско советување и делење материјали за превенција помеѓу ЛИД: кондоми, лубриканти, едукативни материјали.)<br>Теренска работа во дом/институција (Теренско советување, социјални услуги и делење материјали за превенција помеѓу ЛИД: кондоми, лубриканти, едукативни материјали.)<br>Групи за самопомош – (Теренско советување, меѓусебна поддршка, едукација и мотивација. Групите со сочинети од пет клиенти.)<br>Шприц патрола – (Собирање на инфективен отпад, теренско советување) | |
| **Виа Вита – Битола** | Размена на опрема за ЛИД, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и хигиенски материјали за СР и советување за превенција и заштита од КОВИД-19.<br>Советување од социјален работник и советување од медицинско лице –услуги кои се нудат телефонски.<br>Стационарно тестирање и советување за ХИВ И ХЕПАТИТ.<br>Теренски активности: - Размена на опрема за ЛИД и СР, кондоми, лубриканти ИЕК и советување за превенција и заштита од КОВИД-19 | 076 964 - 756<br>070 905 – 887<br>070 894 – 393<br>076 466 - 444<br>078 298 - 302 |
| **Опција Охрид** | ИКД Програма Охрид и Струга<br>- Социјални услуги, здравствени услуги, дистрибуција на основен пакет (шприц, игла, марамици и сл), дистрибуција на кондоми, дистрибуција на флаери, дистрибуција на заштитни маски и ракавици.<br>Тренски активности за ЛИД:<br>-размена на стерилна опрема за инјектирање, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и заштитни маски), како и совети за заштита и превенција од КОВИД19 се даваат зачестено и по | 046 257-838<br>075 309-774<br>https://www.facebook.com/nvoopcija.ohrid |

| | | |
|---|---|---|
| | претходно закажани термини во согласност со мерките и препораките на МЗ, со користење на заштитна маска и ракавици, и одржување на дистанца од минимум 1.5 м.<br>Активности за СР: - Социјални услуги –телефонски, советување и препраќање<br>- Теренски услуги: телефонски, советување и препраќање, делење на основен пакет по претходно закажан термин, услуги во ДЦ (по претходно закажан термин).<br>Теренски активности за СР: - се даваат во согласност со препораките на МЗ, со користење на заштитна маска и ракавици, и одржување на дистанца од минимум 1.5 м. | |
| **Пулс Куманово** | Размена на опрема за ЛИД, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и советување за превенција и заштита од КОВИД-19. Советување од социјален работник и советување од медицинско лице -услуги кои се нудат телефонски.<br>Тестирање и советување за ХИВ И ХЕПАТИТ. Теренски активности: - Размена на опрема за ЛИД , кондоми, лубриканти ИЕК и советување за превенција и заштита од КОВИД-19. | 078 405 - 435<br>072 207- 302<br>078 507 – 769<br><br>https://www.facebook.com/% |
| **Зона Кавадарци** | Се извршува размена на опрема за инјектирање кај ЛИД, издавање на кондоми, лубриканти, ИЕК материјали и хигиенски пакети, медицински услуги, советувања од социјален работник, а воедно се извршува и советување за превенција и заштита од КОВИД-19. Едуцирање и Советување од теренски работник; Советување од медицинско лице<br>Теренско тестирање и советување за ХИВ. Теренски ативности: - Се извршува размена на опрема за ЛИД, делење на кондоми, лубриканти и ИЕК материјали, хигиенски пакети. | 076 719 - 543<br>072 206 - 945<br>070 525 - 249<br>076 270 -211<br><br>https://www.facebook.com/zonakavadarci/?ref=search&__tn__=%2Cd%2CP-R&eid=ARC1yQfiYFuuU8KmzkvrVAiE8QCV68EsQ8saLLJc5s9YAnFo5ug_SpkXW2j6zoqS1lrpeeWB7wbWNEsZ |

| | | |
|---|---|---|
| **Младински Клуб Штип** | Стационарни и теренски услуги:<br>- Размена на опрема за инјектирање, сет игла и шприц, алкохолни марамици, дестилат вода ампула, кондоми,лубриканти. Телефонски и на закажан термин се пружаат следните услуги:<br>-Медицински услуги (едукација за заштита на здравјето од КСПИ и безбедно инјектирање, заштита на здравјето од КОВИД 19<br>-социјални услуги (советување на корисниците клиенти на програмите и нивните семејства. Теренско ХИВ тестирање и советување. | 077 510 – 094<br>078 312-611<br>071 389 – 521<br><br>https://www.facebook.com/pnsh.stip |
| **Избор Струмица** | Теренски и стационарни активности за ЛИД:<br>Дистрибуција на основен пакет и дополнителна помош и поддршка за превенција од ХИВ/СПИ:<br>Опрема за инјектирање;<br>Кондоми, лубриканти и едукативни материјали; Врсничка едукација, Хигиенски пакети, Телефонски контакти со социјален работник (Упатување и интервенции).<br>Телефонска и он-лајн договорена дистрибуција на основен пакет за превенција од ХИВ/СПИ и преку лични контакти (теренски работник - клиенти) со постојани корисници. Теренски и стационарни активности за СР:<br>Дистрибуција на кондоми, лубриканти, ИЕК материјали<br>Советување со психолог/ психотерапевт, социјален работник;<br>- ХИВ тестирање и советување;<br>-Хигиенски пакети; Материјална помош (во зависност од потребите и моменталните можности). | 034 505 - 257<br>075 548 – 317<br>077 885 - 887<br><br>078 657 – 196<br>070 674 - 744<br>078 882 – 182<br><br>http://www.izbor.mk/ |
| **Finance Think** | Економското влијание од кризата КОВИД-19- ставови и мислења | https://kutt.it/kH46O8 |
| **Центар за граѓански комуникации** | Вонреден мониторинг и истражување на итните јавни набавки поврзани со коронавирусот | https://cutt.ly/ItYrCSU |

| | | |
|---|---|---|
| **Вистински Дела На Љубезност** | Донации со храна до семејства од Скопје/Донирани 225 оброци на бездомиците, маски и печатен материјал за коронавирусот и грижата за личната хигиена Поделени 195 ланч пакети на бездомници на четири локации во Скопје | https://kutt.it/dZyRhI |
| **ХОПС** | Корисни совети, информации и практики за корисниците на дроги, за да ги намалат штетите од инфицирање од COVID-19 во пандемија | https://kutt.it/u81llw |
| **Институт за комуникациски студии** | Повеќе блогови за влијанието на коронавирусот врз меѓународната соработка, етика во медиуми и сл. | https://kutt.it/ggazz8 |
| **Гешталт центар Младен Костиќ „Аспекти"** | Информација за седумте нивоа на загрозувачки аспекти за нашиот живот погодени од пандемијата на коронавирусот | https://kutt.it/KhP5DF |
| **Конект** | Препораки за општествено одговорните компании во време на коронвирусот | https://kutt.it/3B1YXF |
| **Прв скопски извиднички одред** | Онлајн предизвик „Направи сам" за сите извидници со цел да се мотивираат младите квалитетно да го поминуваат времето во нивните домови | https://kutt.it/wNFinO |
| **Сите за правично судење** | Активности поврзани со редовно информирање за функционирањето на судовите и информации каде се одржуваат само итни и приоритетни судења, како и на оние судови каде се одржуваат сите рочишта | https://kutt.it/C6plWn |
| **Совет за етика во медиумите** | Публикација „Насоки за безбедно и професионално известување за коронавирусот (COVID-19)" | https://kutt.it/xzOvR7 |
| **ЦСИ Надеж** | Изработка на едукативни содржини кои сите деца ќе можат да ги користат додека се дома. | https://kutt.it/KVD8Mn |
| **Геосфера** | Креирана веб страна за електронски содржини во склоп со наставната програма по географија, за основно и средно гимназиско образование | https://kutt.it/k1t1wC |
| **Коалиција Маргини** | Креирана е Фејсбук група за да се олесни процесот на самоизолација за ЛГБТИ лицата | https://kutt.it/V2BUB7 |

| | | |
|---|---|---|
| **ЛГБТ Јунајтед** | Донирана храна за една недела на 22 припадници на ЛГБТИ Заедницата и нивните семејства Бесплатна линија за психолошка поддршка на ЛГБТИ лицата за време на КОВИД-19 Обезбедени пакети со прехрамбени производи за 100 ЛГБТИ лица за временски период од две недели. | https://kutt.it/gvySoC<br><br>https://kutt.it/UZU0LZ |
| **ХЕРА** | Прашалник за родители\старатели на деца со попреченост или лица со попреченост | https://kutt.it/XOBPSj |
| **Здружение на новинари** | Активности поврзани со правата на новинарите во време на полициски час и вклучување на медиумските куќи во економските мерки на Владата Корисни дигитални алатки за работа од дома | https://kutt.it/MfZttA<br><br>https://kutt.it/a4RX5o |
| **Месечина Гостивар** | Барање до Кризниот штаб за заштита од КОВИД-19 за дистрибуирање средства за дезинфекција во маргинализираните населби | https://kutt.it/paz7wm |
| **Младински образовен форум** | Креирани видеа и постирани на своите социјални медиуми од значење за справување со кризата, образовен аспект, заштита и сл. во рамки на проектот Ангажирање на младите за студентски и младински политики- ФООМ. | https://cutt.ly/4tUyXnm |
| **Хендикеп плус** | Предлог мерки до Владата во врска со лицата со попреченост | https://kutt.it/mtlUsc |
| **Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми - Прогрес** | Учество на терен за помош на социјално загрозените ромски семејства за полесно надминување на кризата | https://cutt.ly/etYr9fK |
| **Извиднички одред „Димитар Влахов“ Велес** | Ставање на располагање 3Д печатач за изработка на заштитни маски за медицинските лица | https://kutt.it/5b4CAi |
| **Паблик** | Електронска верзија на списанието „Лице в лице“ | https://kutt.it/2dA9oY |
| **Македонска асоцијација на човечки ресурси** | LinkedIn група за поддршка и групна размена на искуства и совети за сите оние кои имаат HR дилеми кои произлегуваат од КОВИД-19 | https://kutt.it/DzJqVe<br><br>https://kutt.it/kkZz7S |

| | | |
|---|---|---|
| | Онлајн вебинари и индивидуални коучинг сесии | |
| **Меѓаши** | Донација на заштитна опрема за одделот Интензивна нега и терапија на Клиниката за детски болести | https://kutt.it/GnAOjf |
| **Дневен центар доза среќа** | Започната изработка на 2.500 памучни маски | https://kutt.it/ovTgFe |
| **Здружение ЕСЕ** | Анализи за родителство за време на епидемијата со КОВИД-19 | https://bit.ly/3awaxfm |
| **Аваја** | Организирани неколку онлајн дискусии околу актуелната ситуација поврзана со Корона вирусот<br>Организирана достава на 30 прехранбени пакети и 150 пакети со хигиенски средства во Дебар | https://kutt.it/8DYBtD<br><br>https://cutt.ly/YtU9oT7 |
| **Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП Скопје** | Анализа на родовите импликации на мерките кои се спроведуваат на локално и централно ниво и дава препораки како и преку кои мерки, а во соработка со НВО, владата и локалната самоуправа може да го намали родовиот јаз кој се јавува како резултат на кризата. | http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/Covid-19-%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82.pdf |
| **Асоцијација за демократски иницијативи АДИ Гостивар** | Формирано Координативно тело за пристап и дистрибуција на хуманитарна помош, кое ќе ги координира хуманитарните активности во општините Гостивар, Врапчиште и Маврово Ростуше, во периодот додека трае кризата со коронавирусот и вонредната состојба. Со координативното тело претседава Лулзим Хазири, извршен директор на Асоцијација на демократски иницијативи-АДИ и координатор на Ресурсниот Центар во Гостивар, кој воедно е и член на општинскиот кризен штаб. | https://www.facebook.com/adimacedonia/posts/3159217974109065?__xts__[0]=68.ARAhcA5M3GSiGoINKM3SH5YDesfhhowa0x6JGjeWz60prGZwGTtCszRv7GuprJn6SBIJJNvJkx9KakdzU5QfFVaCW7X4EUWiDVbm1ZLZ9S4OlR8VInuIlZENRD_EQ68p58JH7a1HmLrXVnWP42FJLSvTj6ZqrmNt7W3eGw1AaszGBiK6pgsmgN6wkm8-ovqvahXRDXyj1Ne_P2KtKR0HJL2ZpJT6pBHN07E9VmY3t2meKcKs3bJR4oMJC9YekwX-kSiSxlyRFJIJmvEIrgHS2eXzXdu6Gm9yE4IhD0IDYJhgeIa62fMBxefzm8rDxyW77VvW_5b64_egDRo2gG4QuTjsyA&__tn__=-R<br>https://rcgo.mk/vesti/koordinativno-telo-za-distribucija-na-socijalni-paketi-vo-gostivar/ |